*Универзитет за туризам и менџмент*
*Број 02-31/1*
*12.02.2013 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 15/2013) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 12.02.2013 год., ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за доделување титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

1. На  Јоланда Пердомо, директор на Придружните членки на Светската туристичка организација (UNWTO) и се доделува титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради нејзиниот посебен придонес за развој на туризамот во Република Македонија и високото образование во областа на туризмот.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на почесната титула да се официјализира на 26.02.2013 година на Свечена седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 15/2013), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Факултетот за туризам при Универзитетот, на седницата одржана на 12.02.2013 година, донесе одлука како во диспозитивот земајќи го во предвид и ценејќи го досегашиот богат и разновиден професионален ангажман на г-ѓа Јоланда Пердомо кој во кратки црти се огледа во следното: Г-ѓа Јоланда Пердомо дипломирала во областа на меѓународната економија на Американскиот универзитет во Париз, исто така има диплома од областа на туризмот, која ја стекнала на Универзитетот во Лас Палмас де Gran Canaria (ULPGC) и има специјализирано на Универзитет во Европската унија од UNED, во областа на европската политика и соработка.

Г-ѓа Јоланда Пердомо во своето работење има искуство и во јавниот и приватниот сектор и е експерт за промоција и дистрибуција на одредена туристичка дестинација. Таа била заменик-министер за туризам во Владата на Канарските Острови и извршен директор на PROMOTUR, организација задолжена за промоција на туризмот на Канарските Острови. При извршување на наведените работни позиции во тоа време имала директна одговорност за спроведување и надзор на комуникацијата и промотивните кампањи за туризам во Канарските Острови, присуството на изложби, стратешки планови, статистички и конкурентни анализа, кампањи за лојалност и создавање на производ кластери со цел на сортирање и разликување на туристички производи на Канарските Острови. Работела и како менаџер на InnovaTurismo, директор на „BungalowsClub“ и директор за развој во „Tourism Revolution Ecosystem“ (TRE).

Г-ѓа Јоланда Пердомо од септември 2012 година ја извршува функцијата Директор на придружните членки на Светската туристичка организација-UNWTO со седиште во Мадрид (агенција на Обединетите нации одговорна за промоцијата на одржлив и универзално признат туризам, во која членуваат 400 придружни членки кои го репрезентираат приватниот сектор, образовните институции, туристичките асоцијации и туристички авторитети).

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски